**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА
ПРОБИШТИП**

Број 10/2025 | 12.11.2025 година | Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 1-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 11.11.2025 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Деловник за работа на Советот на општина Пробиштип на првата седница бр.26-1027-2;
2. Решение за формирање на Верификациона Комисија бр.26-1027/3;
3. Решение за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Пробиштип бр.26-1027/4;
4. Решение за формирање на Кандидациона Комисија бр.26-1027/5;
5. Решение за избор на Претседател на Советот на општина Пробиштип бр.26-1027/6;
6. Решение за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања бр.26-1027/7;
7. Одлука за овластување на членовите на Советот за учество при склучувањето на бракови на територијата на општина Пробиштип бр.26-1027/8.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-1027/10
12.11.2025 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК,
Тони Тоневски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) Советот на општина Пробиштип на првата конститутивна седница одржана на ден 11.11.2025 година донесе:

# ДЕЛОВНИК
## за работа на Советот на општина Пробиштип на првата седница

## ОПШТИ ОДРЕБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредува работата на Првата седница на Советот на Општината: верификацијата на мандатите на членовите на Советот, изборот на Претседател на Советот; Кандидациона комисија; Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, начинот на давање на свечената изјава на Претседателот и членовите на Советот и определување на членови од Советот на општината за учество во склучување на бракови на подрачјето на општината Пробиштип.

Член 2

Советот на општината на својата прва седница може да работи и полноважно да одлучува доколку се присутни мнозинството од вкупниот број на членови на Советот и се верифицирани мандатите на мнозинството од вкупниот број членови на Советот.

Член 3

Со првата седница на Советот до избор на Претседател на Советот, претседава (раководи) најстариот присутен член на Советот.

Се додека претседава (раководи) најстариот член на Советот не смее да се одржи расправа освен ако не се расправа околу званичната документација за верификација на мандатите или Деловникот за работа.

## КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТ

Член 4

Верификацијата на мандатите на членовите на Советот се врши по предлог на Верификациона комисија.

Верификационата комисија ја избира Советот по предлог на најстариот член на Советот кој претседава со Првата седница.

Верификационата комисија се состои од претседател и 2 члена.

Член 5

Верификационата комисија врз основа на известување на општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот за нивниот избор и утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај со предлог за верификација.

Член 6

Советот, Извештајот и предлогот на Верификационата комисија го разгледува во целина.

Ако Верификационата комисија, по утврдувањето на идентитетот на членовите на Советот утврди одредени несогласувања на доставените уверенија, на Советот му предлага да ја одложи верификацијата на спорниот мандат.

За секој таков предлог се гласа поединечно.

Член 7

Членот на Советот чија верификација на мандатот е одложена има право да присуствува на седницата на Советот и да учествува во работата но без право на одлучување.

Член 8

Советот е конституиран ако се верифицираат мандатите на повеќе од половината од вкупниот број членови на Советот.

Член 9

Со верификација на мандатот, членот на Советот се стекнува со права и должности утврдени со Закон, со Статутот и со Деловникот.

**ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**

Член 10

Претседател на Советот се избира од редот на членовите на Советот со мандат од 4 години.

Кандидат за претседател на Советот предлага Кандидациона комисија.

Член 11

Кандидационата комисија ја избира Советот веднаш по верификацијата на мандатите на членовите на Советот, со мнозинство гласови од присутните членови.

Кандидационата комисија е составена од претседател и 4 членови кои се избират по предлог на членовите на Советот.

Кандидационата комисија со мнозинство предлага еден или повеќе кандидати за претседател на Советот.

Со изборот на претседател на Советот кандидационата комисија престанува со работа.

Член 12

Претседателот на Советот се избира со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Ако има повеќе предлози, за секој предлог се гласа поединечно по редослед утврден по азбучниот ред на презимињата на кандидатите.

Член 13

Со гласањето за избор на претседател на Советот раководи најстариот член на Советот кој претседава со седницата.

Ако гласањето е тајно му помагаат двајца членови што ги определува Советот.

За претседател на Советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Член 14

Членот на Советот има право да гласа само за еден од предложените кандидати за претседател на Советот. Доколку член на Советот гласа за повеќе кандидати за претседател на Советот, гласањето се повторува.

Член 15

Ако за претседател на Советот е предложен еден кандидат, кандидатот се смета за избран ако добие мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако кандидатот не го добил потребното мнозинство гласови постапката за избор на претседател на Советот се повторува со нов предлог.

Член 16

Ако за претседател на Советот се предложени двајца кандидати за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинсто гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг никој од кандидатите за претседател на Советот не добил потребен број гласови, се пристапува кон втор круг гласање за кандидатот кој во првиот круг добил повеќе гласови и истиот ќе биде избран доколку добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг и двајцата кандидати добиле ист број гласови, се пристапува кон втор круг гласање за двајцата кандидати.

За претседател е избран членот на Советот кој што во вториот круг гласање добил повеќе гласови.

Член 17

Ако за претседател на Советот се предложени повеќе кандидати, за избран се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Ако во првиот круг никој од кандидатите за претседател не добил потребен број гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број гласови.

За претседател на Советот е избран оној кандидат којшто во вториот круг на гласање добил повеќе гласови.

Член 18

По изборот на Претседател, членот на Советот кој претседава (раководи) со седницата го напушта претседавачкото место, а со седницата продолжува да претседава (раководи) избраниот Претседател на Советот.

## ПОЛАГАЊЕ НА СВЕЧЕНА ИЗЈАВА

Член 19

По изборот на Претседателот на Советот, членовите на Советот и Претседателот полагаат и потпишуваат свечена изјава .

Членот на Советот на општината на кого му е потврден (верифициран) мандатот, а кој не бил присутен на првата седница, нејзиниот текст ќе го потпише пред Претседателот на Советот, кој за тоа го известува Советот на првата наредна седница.

Член 20

Свечената изјава ја чита Претседателот, а по него ја повторуваат членовите на Советот.

Свечената изјава гласи:

„Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, прописите на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Северна Македонија„.

Свечените изјави се предават на претседателот на Советот кој што ги предава на општинската администрација.

## ИЗБОР НА КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА

Член 21

На Првата седница на Советот се избира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања составена од претседател и 4 члена.

Комисијата се избира од редот на членовите на Советот со мнозинство гласови од присутните членови на Советот.

Предлогот на кандидати за членови на Комисијата содржи онолку кандидати колку се избираат членови на Комисијата.

## ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ВО СКЛУЧУВАЊЕТО НА БРАКОВИ

Член 22

При склучување на бракови на подрачјето на општината се овластуваат членови од Советот.

Членовите на Советот за учество во склучувањето на бракови на подрачјето на општината се избираат со мнозинство гласови од присутните членови.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Овој Деловник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник” на Општина Пробиштип.

**Број 26-1027/2**
**11.11.2025 година**
**ПРОБИШТИП**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бојан Серафимовски с.р.**

Врз основа на член 7 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 5/2005, 23/2019 и 42/2020) Советот на општина Пробиштип на првата конститутивна седница одржана на ден 11.11.2025 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Верификациона Комисија**

1. Се формира Верификациона Комисија која има за задача да изврши увид во Известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на советот за нивниот избор, да го утврди нивниот идентитет и да поднесе извештај до советот со предлог за верификација.

2. За претседател и членови на Верификационата Комисија се избираат:
   - Благој Миновски за претседател
   - Драгана Анастасова Митев за член
   - Весна Ристовска за член

3. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**11.11.2025 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ПРОБИШТИП** — **Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 7 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 11 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), на првата конститутивна седница на Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 11.11.2025 година, а по предлог на Верификационата Комисија го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за верификација на мандатите на членовите на Советот**

**на општина Пробиштип**

1. Се верификуват мандатите на членовите на Советот на општина Пробиштип и тоа :

1. Александра Наунова
2. Дејан Михајлов
3. Благој Миновски
4. Маргарета Ангеловиќ
5. Дејан Бијковски
6. Денис Пановски
7. Весна Рисотвска
8. Дарко Кузев
9. Марјан Ѓичев
10. Сања Стојмировска
11. Бојан Серафимовски
12. Драгана Анастасова Митев
13. Игор Бошковски
14. Драган Монтев
15. Стефан Митевски

2. Решението стапува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**11.11.2025 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ПРОБИШТИП** **Бојан Серафимовски с.р.5**

---

Врз основа на член 18 од Деловникот за работа на Советот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2005, 23/2019 и 42/2020), Советот на општина Пробиштип на првата конститутивна седница на Советот одржана на ден 11.11.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Кандидациона Комисија**

1. Се формира Кандидациона Комисија која има за задача да даде предлог за претседател на Советот на општина Пробиштип.

2. За Претседател и членови во Кандидационата Комисија се избираат:
   - Драгана Анастасова Митев за претседател;
   - Драган Монтев за член;
   - Сања Стојмировска за член;
   - Александра Наунова за член ;
   - Стефан Митевски за член;

3. Решението стапува во сила со донесувањето а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/5**
**11.11.2025 година**
**ПРОБИШТИП**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 47 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Мкедонија бр.5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија 202/24) и член 21 став 1 точка 37, а во врска со член 19 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 24/14, 29/15, 23/19 и 9/24), Советот на општина Пробиштип седница на Советот одржана на ден 11.11.2025 година, а по предлог на Кандидационата Комисија го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е
**За избор на Претседател на Советот на општина Пробиштип**

1. За претседател на Советот на општина Пробиштип се избира Бојан Серафимовски со мандат од 4 години.

2. Решението стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/6**
**11.11.2025 година**
**ПРОБИШТИП**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 38 а во врска со член 26 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 11.11.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**

1. Се формира Комисија за мандатни прашања, избори и именувања како постојана Комисија при Советот на општина Пробиштип.

2. За членови во Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања се избираат:
   - Денис Пановски за претседател,
   - Дејан Михајлов за член,
   - Маргарета Ангеловиќ за член,
   - Весна Ристовска за член
   - Игор Бошковски за член

3. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/7**
**11.11.2025 година**
**ПРОБИШТИП**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бојан Серафимовски с.р.**

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 11.11.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за овластување на членовите на Советот за учество при склучувањето на бракови на територијата на општина Пробиштип**

Член 1

Се овластуват сите 15 (петнаесет) членови на Советот на општина Пробиштип, да учествуваат при склучување на бракови на територијата на општина Пробиштип, редоследно според Решението за верификација на мандатите на членовите на Советот, што ќе биде доставено на матичната служба.

Член 2

Се задолжува матичната служба да го почитува редоследот на овластените членови на Советот кои ќе бидат повикувани да учествуват при скучувањето на бракови.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

**Број 26-1027/8**
**11.11.2025 година**
**ПРОБИШТИП**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Бојан Серафимовски с.р.**